РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА
"СОВЕТ НА ОПШТИНАТА"
Бр. 08-583/11
23.08.2021 год.
ДЕМИР КАПИЈА

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02), во врска со член 46 став 7 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ", бр.32/20), Советот на Општина Демир Капија на седницата одржана на ден 23.08.2021 го донесе следниов

# ДЕЛОВНИК

## ЗА РАБОТА НА ПАРТИЦИПАТИВНОТО ТЕЛО ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА

Член 1

Со овој деловник се уредува начинот на работа на партиципативното тело за урбанистичко планирање на Општина Демир Капија (во понатамошниот текст: партиципативно тело) како тело формирано од Советот на Општина Демир Капија.

### НАЧИН НА РАБОТА НА ПАРТИЦИПАТИВНОТО ТЕЛО

Член 2

Партиципативното тело за урбанизам на Општина Демир Капија, за прашањата од својата надлежност утврдени со Законот за урбанистичко планирање, работи и одлучува на седници.

Партиципативното тело за урбанистичко планирање на Општина Демир Капија е составено од седум членови.

Партиципативното тело за урбанистичко планирање одржува седници по потреба, но најмалку еднаш во два месеци.

Член 3

Првата седница по формирањето на партиципативното тело ја свикува Претседателот на Советот на Општина Демир Капија.

На првата седница партиципативното тело од редот на своите членови избира претседател и заменик претседател, за што се води записник од страна на лице вработено во општината.

Претседателот се избира од редот на членовите коишто се стручни во областа на урбанистичко планирање.

По извршениот избор, Претседателот продолжува со водење на седницата.

По исклучок од алинеја 4, доколку претседателот е спречен да учествува во работата на партиципативното тело, актите ги потпишува неговиот заменик или членот кој ја води работата на телото.

Член 8

Членот на партиципативното тело:

- учествува во работата и одлучува по прашањата што се ставени на дневен ред на седницата
- дава изјави, предлози и мислења по прашања од надлежност на партицинативното тело
- го спроведува деловникот за работа на партиципативното тело

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 9

Овој деловодник влегува во сила со денот на неговото објавување во ,,Службен гласник на Општина Демир Капија."

Измени и дополнувања на овој деловодник се вршат во иста постапка како и за неговото донесување.

**Совет на Општина Демир Капија**

**Претседател,**

**Ивана Лазова**